
Не е утврдено дали затоплувањето на времето ќе го отстрани коронавирусот

Денес, поради социјалните медиуми, на луѓето им е тешко да разликуваат кои од вестите што ги читаат се вистинити, а кои се лажни. Зголеменото користење на медиумите му нуди на секој поединец можност да го сподели своето мислење. Иако тоа го гледаме како нешто позитивно и поволно, во однос на ширењето манипулативни, провокативни, лажни и погрешни информации, ситуацијата не е многу срдечна!

За нас ова е како борба против лагата и обидот да се добие „точна и доверлива информација“. Но, како да дознаеме дали некоја информација е вистинита? За ова потребно е да потрошиме малку време во потрага по вистината за информациите. А, како да го направиме тоа?

Пред сé, заземање на критична перспектива, неширење на непроверени информации, преземање на информацијата со разумно сомневање на социјалните медиуми и имањето релевантни извори на добиените информации се главните нешта што треба да се превземат во рамките на борбата против лажните вести.

Додека пребарував на социјалните медиуми, вниманието ми го привлече еден говор на американскиот претседател Доналд Трамп, во кој вели дека промената на температурата на времето (затоплувањето на времето) ќе го отстрани коронавирусот. Се заинтересирав и наидов на многу такви говори во кои Трамп го имаше кажано истото. Еве и неколку видеа за вас: видео 1 и видео 2.



Пораката на претседателот на Соединетите Американски Држави бидејќи неколку пати е повторена, ни овозможува да бидеме убедени и да веруваме во тоа што го кажува. Со оглед на фактот дека деновиве сме изолирани, бараме надеж и во случајов информацијата дека „топлото време ќе се бори против КОВИД-19“ е многу позитивна за

нас. Но, секако јас веднаш почнав да се вдлабочувам во читањето вести на разни портали околу оваа информација затоа што сакав да дознам дали е вистина тоа што се зборува.

Во статија објавена на www.nationalgeographic.com го најдов одговорот.



NATIONAL GEOGRAPHIC

SCIENCE | CORONAVIRUS COVERAGE

Will warming spring temperatures slow the coronavirus outbreak?

Flu season generally subsides in April and March, but will the coronavirus go with it? Past coronavirus outbreaks can offer clues.

5 MINUTE READ

BY SARAH GIBBENS

PUBLISHED MARCH 6, 2020

WHETHER THE CORONAVIRUS that's quickly spreading around the world will follow the flu season and subside with spring's arrival is unsatisfyingly uncertain, and many scientists say it's too soon to know how the dangerous virus will behave in warmer weather.

Се претпоставува дека коронавирусот ќе им подлегне на потоплите месеци, бидејќи овие видови вирус се сметаат како „сезонски“, а со тоа се потврдува дека коментарите на претседателот имаат научна поткрепа.

Но, сепак многу е неизвесно дали КОВИД-19 ќе се однесува на ист начин. Оние што моментално ја проучуваат болеста, според податоците од истражувањата велат дека е многу рано да се предвиди како вирусот ќе реагира на промените на временските услови.

Според СЗО (Светска здравствена организација) за да се спречи овој вид на вирус, *се препорачува луѓето често да ги мијат рацете, да избегнуваат контакт со оние кои покажуваат симптоми како што се кашлање или кивање и да бараат медицински третман ако се болни.*

Автор:

Хана Дурмиши, 17 години